# ДЕТСКА ТЕНИСКА ЛИГА – ПРАВИЛА

Состав на екипите и начин на поставување

- Екипата да брои минимум 4 тенисери, и максимум 7 тенисери (минимум 1 машки и 1 женски тенисер, останатите можат да бидат по избор на клубот). Доколку некој клуб нема минимум 1 машки и 1 женски тенисер само за оваа година има право да пријави тенисери од ист пол. Доколку за време на лигата некое дете се откаже, екипата може да се надополни со нов тенисер кој претходно не бил пријавен. Клубовите кои ќе пријават 2 или повеќе екипи немаат право да ги префрлуваат тенисерите од една во друга екипа.

- Пред самиот настап капитените ги пријавуваат екипите за мечевите од поединечна конкуренција кај претставникот на ТФСМ а пријавата во поединечна конкуренција немаат право да ја менуваат.

Начин на пријавување на тенисерите кои ќе настапуваат:

Под реден број 1: првиот машки тенисер
Под реден број 2: првиот женски тенисер
Под реден број 3: третиот тенисер машки или женски
Под реден број 4: четвртиот тенисер машки или женски

- Двојките се пријавуваат по завршување на мечевите во поединечна конкуренција и истите не може да се менуваат откако ќе бидат пријавени кај претставникот на ТФСМ

Право на настап:

- Согласно правилата за лига за портокалов и зелен тенис. Истите беа претходно доставени до сите клубови.
- Сите тенисери треба да бидат регистрирани за тековната година.

Капитени

- Капитените треба да бидат лиценцирани тренери при ТФСМ и само тие можат да бидат присутни на терен. Истите треба да бидат претходно пријавени во ТФСМ.
- Родители и други лица нема да можат да влезат и да гледаат внатре во теренот.
- За давање на совети важи правилото за екипни натпревари: Капитените можат да даваат совети исклучиво за време на промената кога играчите седнуваат и помеѓу поените кога капитенот се наоѓаат на истата страна од теренот.
- Капитените се одговорни за однесувањето на родителите и останатите лица и на барање на претставникот на ТФСМ потребно е реагираат на не соодветно однесување.

Официјални лица од ТФСМ

За време на лигата во Прилеп официјално лице на ТФСМ ќе биде Дијана Петрова – Претседател на комитет за развој.

За време на лигата во Скопје официјално лице на ТФСМ ќе биде Кристијан Вангелов – БЈКЦ капитен.

Начин на играње и броење
Секој натпревар помеѓу две екипи се игра со одигрување на 4 меча во поединечна конкуренција и 2 меча во игра на двојки.

ПОРТОКАЛОВ ТЕНИС
- Портокалов тенис би се играл во еден добиен скратен сет со тај брејк до 7 поен и кој би се играл при резултат од 3:3 во гемови.
- Победник е екипата која има освоено поголем број на мечеви односно: 6:0, 5:1, 4:2. Доколку по одигрување на сите мечеви резултатот е 3:3 се гледа гем разликата. Во ваков случај претставниците го контактираат судискиот комитет за потврда

ЗЕЛЕН ТЕНИС
- Зелениот тенис ќесе игра во два добиени скратени сета со тај брејк до 7 поени кој ќе се игра при резултат од 3:3 во гемови. Доколку е 1:1 во сетови ќе се игра тај брејк до 7 поени како трет решавачки сет.
- Победник е екипата која има освоено поголем број на мечеви односно: 6:0, 5:1, 4:2. Доколку по одигрување на сите мечеви резултатот е 3:3 прво се гледа сет разликата па потоа гем разликата. Во ваков случај претставниците го контактираат судискиот комитет за потврда.

Донесување на одлуки:
- Тенисерите кои играат судат на своја страна од теренот.
- Во случај на спорна ситуација, капитените се договараат за одлуката а доколку не можат да се договорат, конечната одлука ја донесува претставникот на ТФСМ.

**Останато:**
- За сите правила кои не се предвидени со овие правила за детска тениска лига важат правилата за Детски тенис: https://www.mtftennis.mk/uploads/36_2026_64981773843041.pdf
- За сите евентуални ситуации кои не се предвидени со овие правила и правилата за детски тенис потребно е: претставникот на ТФСМ да го контактира судиско-натпреварувачкиот комитет за евентуално толкување на настаната ситуација/правило.